Врз основа на член 26 став (4) од Законот за ревизија (“Службен Весник на Република Македонија” бр. 58/2010, 135/2011, 188/2013, 43/2014, 138/2014, 145/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018), Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија на седница одржана на 24.10.2018 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

За формата и содржината на образецот на барање за полагање на испит за стекнување на звањето ревизор

1. Со оваа Одлука се пропишува формата и содржината на Барањето за полагање на испит за стекнување на звањето ревизор што согласно член 26 став 4 од Законот за ревизија го пропишува Советот, а до писарницата до Претседателот на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија, го поднесува лицето кое сака да стане ревизор.
2. Барањето за полагање за испит за стекнување на звање ревизор се поднесува на образец – “Барање за полагање на испит за стекнување на звањето ревизор”, во А4 формат на бела хартија, даден во Прилог 1, кој е составен дел на оваа одлука.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и истата ќе се објави на веб страната на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија.

Совет за унапредување и надзор на ревизијата
на Република Македонија
Претседател
Премтим Исени

Број 02-345/1
24.10.2018

1

**БАРАЊЕ**

**за полагање на испит за стекнување на звањето ревизор**

Од______________________________________________________________

(подносител на барањето)

________________________________________________________________

(седиште на подносителот на барањето)

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам Институтот на овластени ревизори на Република Македонија да ми дозволи да полагам испит за стекнување на звањето ревизор согласно член 26 став (1) од Законот за ревизија.

Кон барањето поднесувам соодветни документи како доказ дека:

1) *имам завршено четиригодишно високо образование VII/1 или студии според Болоњската декларација и имам 240 кредити според европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС) од областа на економските, правните науки или друго соодветно образование*;

2) *го познавам македонскиот јазик (забелешка: доказ за познавање на македонскиот јазик може да биде и доказ за завршено средно или високо образование во Р.М.);*

3) *не сум осудуван со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, се додека траат правните последици од пресудата во врска со работењето и тоа за кривичните дела против имотот, кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривичните дела против службената должност, како и кривичните дела фалсификување исправа, посебни случаи на фалсификување исправи, компјутерски фалсификат, употреба на исправа со невистинита содржина и надриписарство од Кривичниот законик.*

4) *не ми е изречена мерка забрана за вршење на професија, дејност или должност.*

Телефон:____________________

Е-пошта: ____________________

Место и датум

Подносител на барањето